# ХОРИЗОНТАЛЕН ИНСТРУМЕНТ ЗА ЗАПАДЕН БАЛКАН И ТУРКИЈЕ

## *МЕХАНИЗАМ ЗА КООРДИНАЦИЈА НА ЕКСПЕРТИЗИ*



Зајакнување на правдата

Борба против корупцијата, економскиот криминал и перењето пари

Промовирање на спречувањето на дискриминација и заштита на правата на ранливите групи

Промовирање и заштита на слободата на изразување и медиумите

Механизам за координација на експертизи

Кофинансиран од Европската Унија

ЕВРОПСКА УНИЈА

COUNCIL OF EUROPE

CONSEIL DE L'EUROPE

Кофинансиран и имплементиран од Советот на Европа

Хоризонталниот инструмент е иницијатива за соработка на Европската Унија и Советот на Европа, чија цел е да им помогне на корисниците од Западен Балкан и Туркије да ги исполнат нивните реформски агенди и да се усогласат со европските стандарди во областа на човековите права, владеењето на правото и демократијата. Ова е исто така приоритет за процесот на проширување на ЕУ.

Програмата, која функционира од 2016 година, се надоврзува на веќе постигнатите резултати, во клучни области: зајакнување на правдата; борба против корупцијата, економскиот криминал и перењето пари; промовирање на спречувањето на дискриминација и заштита на правата на ранливите групи (вклучувајќи ги ЛГБТИ, малцинствата и Ромите) промовирање и заштита на слободата на изразување и медиумите.

Хоризонталниот инструмент ги поддржува своите корисници преку комплементарен двократен пристап:

- Техничка соработка прилагодена за зголемена усогласеност со европските стандарди и
- *Ад-хок* совети и експертиза како одговор на барањата за законодавна анализа и поврзана помош преку **Механизмот за координација на експертизи (МКЕ).**



## ШТО ПРЕТСТАВУВА МЕХАНИЗМОТ ЗА КООРДИНАЦИЈА НА ЕКСПЕРТИЗА?

Механизмот за координација на експертиза (МКЕ) е алатка за обезбедување законодавна експертиза и совети за јавните политики од страна на Советот на Европа како одговор на конкретни барања. Тоа е дел од Хоризонталниот инструмент за Западен Балкан и Туркије (Хоризонтален инструмент).

## КОЈ Е ДЕЛОКРУГОТ НА МКЕ?

Неговиот делокруг на работа вклучува стручни совети за законодавни и политички прашања, вклучително и за оценување на усогласеноста на законодавството и/ политичките документи со стандардите на Советот на Европа, во следните области:

- зајакнување на правдата;
- борба против корупцијата, економскиот криминал и перењето пари;
- спречување на дискриминацијата и заштита на правата на ранливите групи;
- слободата на изразување и медиумите;
- уставни прашања, кои спаѓаат во областа на надлежноста на Европската комисија за демократија преку право (попозната како Венецијанска комисија).

## КОЈ МОЖЕ ДА ДОСТАВИ БАРАЊЕ ВО РАМКИТЕ НА МКЕ?

Членовите на владата, претседателите на парламентот, претседателите на парламентарните комисии, институциите на Народниот правобранител или независните државни институции на засегнатиот Корисник можат да поднесат барање за стручно мислење според МКЕ.

Понатаму, конкретно за прашања кои спаѓаат во областа на надлежностите на Венецијанската комисија, Европската Унија, како и органите на Советот на Европа (т.е. Генералниот секретар, Комитетот на министри, Парламентарното собрание и Конгресот на локални и регионални власти) можат исто така да поднесат барања за поддршка преку МКЕ. Дополнително, барањата за *amicus curiae* поднесоци од страна на Венецијанската комисија можат да поднесат и уставните судови на соодветните Корисници.

## КАКО СЕ ФОРМУЛИРА БАРАЊЕ И КАКО СЕ ОБРАБОТУВА?

Барањата за експертиза може да се упатат на писмено преку писмо или факс до Генералниот секретар/Генералната секретарка на Советот на Европа. Барањата кои вклучуваат експертиза од Венецијанската комисија може да се упатат директно до претседателката на Венецијанската комисија.

Барањата треба да содржат што е можно повеќе детали, вклучувајќи го името и видот на законодавството или документот на јавната политика за кој се бара експертиза, причините за барање експертиза или за изменување на законодавството или политиките и предвидениот временски рок за усвојување на новото законодавство или документите во врска со политиките (или измените на постојното законодавство и документите во врска со политиките), по обезбедувањето на бараната експертиза.

Откако ќе бидат примени, барањата ќе бидат обработени од релевантните ентитети на Советот на Европа. Намерата на Советот на Европа е да ја испорача бараната експертиза што е можно поскоро, сепак точната временска рамка се дефинирана во консултација со органите баратели.





## КОИ СЕ КРИТЕРИУМИТЕ ЗА ОДОБРУВАЊЕ НА БАРАЊЕ?

Барањето за МКЕ мора да ги исполнува сите следни критериуми:

- мора да биде направено од страна на институциите наведени во претходниот дел.
- мора да спаѓа во областа на експертиза на Советот на Европа;
- мора да спаѓа во следните тематски области: зајакнување на правдата; борба против економскиот криминал; спречување на дискриминацијата и заштита на правата на ранливите групи; слобода на изразувањето и слободата на медиумите. Барањето може да спаѓа и во делокругот на надлежноста на Венецијанската комисија;
- не може да се обезбеди во рамките на еден од тековните проекти на Програмата на Хоризонталниот инструмент.

## ДО КОГО ДА СЕ АДРЕСИРА БАРАЊЕТО?

Барањата за МКЕ може да се испратат преку писмо, е-пошта или факс до Генералниот секретар/ Генералната секретарка на Советот на Европа:

- Генерален секретар на Советот на Европа
  Совет на Европа
  F-67075 Стразбур Цедекс, Франција – Факс: + 33 3 88 41 27 99
  Веб-страница: www.coe.int/en/web/secretary-general/private-office

Барањата на МКЕ кои вклучуваат експертиза на Венецијанската комисија, исто така, може да се испратат преку писмо, е-пошта или факс до претседателот/ претседателката на Венецијанската комисија:

- Претседател на Венецијанската комисија
  Совет на Европа
  67075 Стразбур Цедекс, Франција – Факс: +33 3 88 41 37 38
  Факс: venice@coe.int

## Примери за поддршка обезбедена според МКЕ и постигнати резултати

- Во согласност со Мислењето на Венецијанската комисија во врска со предлог-законот за финализирање на преодните процеси на имотот и со барањата од член 1 Протокол 1 од Европската конвенција за човекови права, **албанскиот** парламент го усвои законот во април 2020 година, ефикасно решавајќи го преостанатиот збир на проблеми поврзани со правата на сопственост на земјоделско земјиште и прашањата за регистрација.
- Во Мислењето во однос на предлог-законот за измени и дополнувања на Законот за Високиот судски и обвинителски совет во **Босна и Херцеговина**, Венецијанската комисија даде неколку препораки до властите во однос на новите одредби и ги повика да ги допрецизираат одредбите од Предлог-законот.
- Министерот за правда побара Мислење за нацрт-ревидираните измени на Законот за **косовскиот** обвинителски совет. Понатамошната одлука на Венецијанската комисија истакна дека ревидираните амандмани претставуваат јасен и значаен напредок во споредба со првичните нацрт-амандмани. Како резултат на тоа, Законот бр.08/Л-136 за изменување и дополнување на Законот бр. 06/Л-056 за Косовскиот обвинителски совет беше усвоен на 14 април 2022 година.
- Следејќи ги препораките кои произлегуваат од Итното мислење на Венецијанската комисија за предлог-измените на Законот за судски совет и судии, министерот за правда на **Црна Гора** побара последователно Мислење за ревидираните нацрт-измени на Законот за судски совет и судии. Понатамошната експертиза ја потврди севкупната позитивна оценка за предлог-законот и ги поздрави новововедените измени.
- Во **Северна Македонија**, Венецијанската комисија обезбеди Мислење за Предлог-законот за вонредна состојба, во кој се истакнува дека предлог-законот ги исполнува повеќето централни барања поставени од Венецијанската комисија во нејзините претходни мислења и извештаи. Мислењето, исто така, го поздрави нацртот, кој предложи разумна рамнотежа на силите во случај на вонредна состојба и предвидува заштитни мерки што ги ограничуваат исклучителните овластувања на Владата, со што се надминуваат недостатоците кои не се регулирани во Уставот.
- Правната експертиза за нацрт-законот за родова еднаквост на **Србија** е обезбедена од Одделот за родова еднаквост на Советот на Европа. По ревизијата на нацрт-законот, беше обезбедена дополнителна правна експертиза за проценка на степенот до кој претходните препораки беа земени предвид во ревидираниот нацрт, но исто така се анализираа новите одредби засновани на стандардите за родова еднаквост на Советот на Европа и примерите на законодавството. Законот за родова еднаквост на Србија, кој е првиот закон кој систематски се справува со родовата еднаквост во Србија, стапи на сила на 1 јуни 2021 година, во кој се вградени дел од препораките дадени од Советот на Европа.

## Контакт

Тим за координација на Хоризонталниот инструмент
Дирекција за програмска координација
Совет на Европа
Авенија на Европа F-67075 Стразбур Цедекс, Франција
Tel. +33 (0)3 88 41 20 00
E-mail: Horizontal.Facility@coe.int

Заедничката програма на Европската унија и Советот на Европа „Хоризонтален инструмент за Западен Балкан и Турција“ (Хоризонтален инструмент III) е иницијатива за соработка, која трае од 2023 до 2026 година. Програмата опфаќа проекти во Албанија, Босна и Херцеговина, Косово*, Црна Гора, Северна Македонија, Србија и Туркије. Тоа им овозможува на корисниците да ги исполнат своите реформски агенди во областа на човековите права, владеењето на правото и демократијата и да се усогласат со европските стандарди, што е исто така приоритет за процесот на проширување на ЕУ.

** Оваа ознака не ги прејудицира ставовите за статусот и истата е во согласност со Резолуцијата на ОНСБ 1244 и Мислењето на МСП за Декларацијата за независност на Косово.*

PREMS 077323 – Photos: Shutterstock – март 2023

MKD

Земјите членки на Европската Унија одлучија да ги поврзат своите знаења, ресурси и судбини. Заедно тие изградија зона на стабилност, демократија и одржлив развој, истовремено одржувајќи ја културната разновидност, толеранцијата и индивидуалните слободи. Европската Унија се залага за споделување на своите постигнувања и вредности со држави и народи и надвор од нејзините граници.

**www.europa.eu**

Советот на Европа е водечка организација за човековите права на континентот. Таа се состои од 46 држави членки, вклучувајќи ги сите држави членки на Европската унија. Сите држави членки на Советот на Европа ја потпишаа Европската конвенција за човекови права, која претставува меѓународен договор за заштита на човековите права, демократијата и владеењето на правото. Европскиот суд за човекови права ја следи примената на оваа конвенцијата од страна на државите членки.

**www.coe.int**

Кофинансиран од Европската Унија

ЕВРОПСКА УНИЈА

COUNCIL OF EUROPE

CONSEIL DE L'EUROPE

Кофинансиран и имплементиран од Советот на Европа